РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 04-217/15
Скопје: 29.07.25

Врз основа на член 27 став (5) од Законот за заштита на конкуренцијата ( „Службен весник на РМ„ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на РСМ„ бр.208/24 и 16/25) и член 21 од Законот за работни односи ("Сл.весник на Р.М "бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09,130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12 , 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), а во врска со објавениот Јавен оглас во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат по основ на вработување на определено време

Билјана Милчевска врз основа на Јавен оглас број 01/2025 објавен на ден 21.07.2025 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", се вработува во Комисијата за заштита на конкуренцијата на работно место: Помлад соработник за остварување на континуиран надзор на државна помош, Одделение за надзор на државната помош, Сектор за контрола на државната помош.

По потпишување на Одлуката за извршен избор, претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе потпише Договор за вработување на определено време со избраното лице.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### *Образложение*

По добивањето на согласност од Министерството за финансии за вработување на 14 (четиринаесет) извршители на определено време, Комисијата за заштита на конкуренцијата на ден 21.07.2025 година објави оглас за вработување на 6 (шест) извршители на определено време (до 31.12.2025 година). По разгледување на апликацијата на пријавениот кандидат за објавеното работно место по огласот за спроведување постапка за засновање на работен однос на определено време, Комисијата за водење на постапка за вработување на определено време направи увид и проверка на документацијата на кандитатот согласно општите услови предвидени во Законот за работни односи и посебните услови предвидени во Правилникот за систематизација на работни места на Комисијата за заштита на конкуренцијата, состави Записник од извршена селекција по јавен оглас на определено време број 01/2025, заверен со архивски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

број 04-217/12 од 28.07.2025 година. Комисијата за водење на постапка за вработување на определено време спроведе интервју на ден 28.07.2025 година со кандидатот Биљана Милчевска, која ги исполнува предвидените законски услови.

Врз основа на доставениот Записник од извршена селекција и записник од спроведеното интервју од страна на Комисијата за водење на постапка за вработување на определено време, претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата го избра кандидатот Биљана Милчевска на работно место: Помлад соработник за остварување на континуиран надзор на државна помош, Одделение за надзор на државната помош, Сектор за контрола на државната помош.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба во рок од (8) осум дена, од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на Комисијата за заштита на конкуренцијата до Државната комисија за одлучување во управна постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

**Комисија за заштита на конкуренцијата**

**Претседател**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**

Доставено до:

-Именуваниот
-Персонално досие
-Архива